SPARKASSE
Bank
#верувајвоиднината



СПЕЦИЈАЛИСТ – БИЗНИС АНАЛИТИЧАР BI
SPECIALIST – BUSINESS ANALYSES BI

Локација: Скопје

Оддел: Дирекција за Информатички Технологии и Организација

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

200 години групациско искуство
Erste & Steiermärkische Sparkasse

35 експозитури

повеќе од 200.000
клиенти во земјата

посветеност,кредибилитет
и сигурност

Што ќе биде твојата улога

- Ќе учествуваш во развојот, унапредувањето и одржувањето на современи Business Intelligence (BI) решенија кои поддржуваат носење на стратешки и деловни одлуки.
- Ќе бидеш дел од тим кој креира и имплементира нови решенија за интерно и групациско известување, со директно влијание врз ефикасноста и квалитетот на податоците во банката.
- Ќе соработуваш со различни деловни и ИТ тимови за дизајн и развој на извештаи, аналитики и алатки прилагодени на деловните потреби.
- Ќе придонесуваш во трансформација на податоците во корисни увиди преку примена на современи BI технологии и практики.
- Ќе учествуваш во имплементација на нови функционалности и континуирано подобрување на постојните решенија со цел обезбедување високо ниво на точност, сигурност и достапност на информациите.

Потребни квалификации и вештини

- Најмалку 5 години работно искуство со MS SQL Server, со одлично познавање на SQL, дизајн и развој на бази на податоци, како и пишување и оптимизација на комплексни SQL упити.
- Високо развиени аналитички способности и систематичен пристап кон решавање проблеми.
- Одлични вербални и писмени комуникациски вештини.
- Одлично познавање на англискиот јазик.

Дополнителни квалификации и предности

- Познавање и работно искуство со C# и .NET технологии.
- Претходно работно искуство во ИТ оддел во банка или друга финансиска институција.
- Познавање на принципите на Data Warehouse и моделирање на податоци.

Кои ќе бидат твоите придобивки

- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивациско писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **17.11.2026 година** со назнака **"**Специјалист - бизнис аналитичар BI„**.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината

Те очекуваме!